

Клучни прашања

# Многу повеќе од физичко: ментално и емоционално влијание

**Квалитетната грижа на заболените од рак вклучува достоинство, почит, поддршка и љубов и се однесува не само на физичкото влијание од ракот, туку ја почитува емоционалната, сексу-алната и социјалната благосостојба на секој поединец и нивниот негувател.**

## Зачувување на достоинството

Многу пациенти со рак и нивните семејства го опишуваат чувството за губење на  контрола врз нивниот живот по дијагноза на рак. Пациентите и семејствата треба да бидат охрабрени да учествуваат активно во одлуките за нивниот план за нега и третман кој ги почитува индивидуалните потреби и преференци. Ова може да трае долго додека не им се помогне на поединците да го вратат чувството на контрола и да го зачуваат своето достоинство во текот на нивното тешко искуство додека се лекуваат од ракот.

**Фокус - на луѓето, заштита на достоинството:**
**Овој пристап значи охрабру-вање на поединците  со рак да земат учество во одлуките и за сите нивни потреби за нега  да се зборува холистички - физичка, емоционална, духовна и социјална нега.**

## Изглед на телото и сексуалната благосостојба

Физичките промени кои можат да се појават за време и после третманот,  како отстранување на дел од телото, губење на косата, оштетување на говорот или уринарна инконтиненција може да влијае на начинот на кој пациентите изгледаат и се чувствуваат кон себе. Прашањата за телесниот изглед и сексуалноста можат да имаат значително влијание врз партнерските односи, со пациенти со рак и преживеани кои се соочуваат со проблеми околу самодовербата и сексуалната интимност.

## Поддршка и љубов

Истражувањата покажаа дека групите за поддршка на заболените од рак можат да им ја подобрат самодовербата, да ја намалат депресијата, намалување на анксиозноста и подобрување на односите со членовите од семејството  и пријателите. За лице кое живее со рак, силната емоционална поддршка и блиските врски со партнерот, пријателите и семејствата може да направи голема разлика во нивниот живот.

# Клучни прашања
# Многу повеќе од физичко: ментално и емоционално влијание



## Даватели на нега

Негуватели на рак - најчесто партнери, членови од семејства или пријатели - често добиваат мала подготовка, информации или поддршка за извршување на нивната витална улога. Честопати, негувателите ги поставуваат и сопствените потреби и чувства настрана за да се фокусираат на лицето со рак што може во некои случаи да води до социјална изолација и депресија.

## Моќта на колегите

Многу луѓе кои живеат со рак сакаат да се вратат на работа. Понекогаш луѓето на работа прават друга витална мрежа на поддршка. Зборувајќи за ракот со колегите, како и одржување на врска за време на отсуствата од работа може да имаат позитивно влијание врз заздравувањето.

## Што можеме да направиме?

- **Како поединци** - да дознаете повеќе за услугите за треман на ракот во вашата земја или регион, помагајте да споделите точни информации за ракот, за да се отфрлат митовите и заблудите, поддржувајте ги тие поединци околу вас.
- **Како даватели на нега** - искористете ја предноста на услугите за поддршка во вашата земја или регион или на интернет за да се поддржите себеси и член на вашето семејство или пријател со рак, овие услуги би можеле да ве насочат кон повеќе ресурси.
- **Како работодавачи или колеги** - истражувајте како може да ги поддржите колегите или вработените со рак (или старателите) преку мерки, како флексибилни работни часови или создавање на поволна клима за зборување за ракот.